ЈКП КОМУНАЛЕЦ
03-1442/1
25.07.2025 г.
Прилеп

ПОЛУГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ОД ДИРЕКТОРОТ НА ЈКП КОМУНАЛЕЦ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПЕРИОД ОД ЈАНУАРИ ДО ЈУНИ 2025 ГОДИНА

Јули , 2025 год

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ЈКП Комуналец Прилеп се:

*
* *

- **Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење** составен од 5 члена , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Совет на Општина Прилеп , на седница одржана на 07.12.2021 година .

Членови на Надзорен одбор се :

- **Иван Маладеноски** , претседател на НО (Дипломиран економист)
- **Милена Цветкоска** , (Дипломиран економист)
- **Александар Маркоски** , (Дипломиран правник)
- **Мила Петреска** , (Дипломиран економист)

*
* *

- **Управен одбор** составен од 9 члена, со мандат од 4 години, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Прилеп, на седница одржана на 07.12.2021 година .

Членови на Управен одбор се :

- **Тони Блашкоски ,** претседател на УО (Дипломиран економист)
- **Иле Тасески** , член на УО (Дипломиран економист)
- **Јована Насеска** , записничар - член на УО (Дипломиран правник)
- **Трајче Димитриоски** , член на УО (Дипломиран економист)
- **Гордана Тошеска** , член на УО (Дипломиран технол.)

*
* *

- **Директор**, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Општина Прилеп.

ЈКП Комуналец Прилеп во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност, а како ***овластено лице за застапување е назначен Рубинчо Абрашоски – Директор од 23.11.2021 година .***

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈКП “ КОМУНАЛЕЦ “ – ПРИЛЕП

Целосен назив - Јавно Комунално Претпријатие ” Комуналец “ Прилеп

Скратен назив – ЈКП “ Комуналец” Прилеп

Основач/сопственик - Општина Прилеп

Вид на сопственост - Државна

Датум на основање – 01.11.1989 год

Делбен биланс – до 2004 год работи во склоп на сите ЈКП

Седиште - ул. “ Питу Гули “ бр. 2 А – 7500 Прилеп

Деловен статус – Активен

Големина на субјектот –Согласно со ЗТД – голем

Основна дејност – 38.11-Собирање на безопасен отпад

Дејности во внатрешен промет –

- 38.21 – Обработка и отстранување на безопасен отпад
- 46.77 – Трговија на големо со отпадоци и остатоци
- 81.29 – Останати услуги на чистење , неспомнати на др место
- 81.30 – Услужни дејности за уредување и одржување на животна средина (диви депонии)
- 96.03 – Погребни и слични дејности
- 43.21 – Електроинсталатерски работи

ЕМБС – 4015550

Даночен обврзник - МК 4021989114346

Полугодишен финансиски извештај од Директорот на „ЈКП Комуналец „ Прилеп за работењето на јавното претпријатие за период од јануари до јуни 2025 година

Согласно со член 5 од Законот за Јавни Претпријатија , ЈКП Комуналец Прилеп има обврска да состави и да достави полугодишен финансиски извештај пред институциите како и пред органите на управување со ЈП – Општина Прилеп и Градоначалникот .

Полугодишниот извештај за работењето на ЈП за 1-6 месец од 2025 година треба да биде во согласност со ЗТД. Според МСС 1 - целта на овој Полугодишен извештај треба да биде објективно презентирање на финансиската состојба во ЈП.

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОД ОД 1 ДО 6 МЕСЕЦ ОД 2025 ГОД

Финансискиот резултат за овој период е позитивен на ЈП , кој е проследен преку првиот и вториот квартал во кои и во двата квартали **комулативно** се бележи позитивен финансиски резултат или вкупна добивка од **10.372.145,38 ден**.

Споредбено за 2025 година со 2024 година забележано е драстична разлика во резултатот т.е. добивка за полугодишното работење која е образложена пооделно во делот на приходите и расходите :

Прв квартал (од 1 до 3 месец)	***2025 г***	***2024 г***
Вкупните приходи од ред. работење	= 75.129.118,23 ден	69.638.671,66 ден
Вкупните расходи од ред. работењето	= - 67.019.264,60 ден	- 62.451.593,70 ден
Добивка/Загуба од редовното работење	**= 8.109.853,63 ден**	**7.187.077,96 ден**

Втор квартал (од 4 до 6 месец)	***2025 г***	***2024 г***
Вкупните приходи од ред. работење	= 72.171.206,93 ден	62.613.938,61 ден
Вкупните расходи од ред. работењето	= - 69.908.915,18 ден	- 67.398.002,29 ден
Добивка/Загуба од редовното работење	**= 2.262.291,75 ден**	**- 4.784.063,68 ден**

Или

Полугодишен извештај (од 1 до 6 месец)	***2025 г***	***2024 г***
Вкупните приходи од ред.работење	= 147.300.325,16 ден	132.252.610,27 ден
Вкупните расходи од ред. работењето	= - 136.928.179,78 ден	- 129.849.595,99ден
Добивка/ Загуба од редовното работење	**= 10.372.145,38 ден**	**2.403.014,28 ден**

1.График : Движење на добивката / загубата споредбено 2021,2022,2023,2024 и за 2025 год за период од 1-6 месец



Вкупни ПРИХОДИ за период од 1 до 6 месец 2025 година

Приходите во овој период за 2025 година споредбено со истиот период со 2024 година **се зголемени за 15.047.714,89 ден** , кои произлегуваат по основ на редовното работење на ЈКП .

2.График : Движење на вкупните приходи



Ред. Бр.	Конто	ПРИХОД ПО ВИД ЗА ЗА ПЕРИОД ОД 1 до 6 месец-2025 г	Состојба за период 2025 г (ДЕН)	Состојба за претходен период 2024 г (ДЕН)	% учество за 2025 г
	740	ВКУПНО ЗА Приходи од услуги на дом.пазар	**146.147.228,16**	**130.388.470,77**	99,22 %
	747	ВКУПНО ЗА Приходи од кирии	**33.000,00**	**773.401,50**	0,02 %
	766	ВКУПНО ЗА Други вонредни Приходи	**161.813.00**	**0.00**	0,11 %
	774	ВКУПНО ЗА Приходи од камати и судски тр.	**793.827,00**	**979.623,00**	0,54 %
	779	ВКУПНО ЗА Останати финан.приходи	**164.457,00**	**111.115,00**	0,11 %
		ВКУПНИ ПРИХОДИ	**147.300.325.16**	**132.252.610.27**	**100,00 %**

Приходите од основната дејност кои можат да се разграничат на :

- Приходи од подигање на смет учествуваат со 61,05% т.е. 89.930.916,60 ден од вкупните приходи ,
- Приходи од одржување на ЈПП кои учествуваат со 31,53% т.е. 46.446.356,96 ден од вкупните приходи ,
- Приходи од гробишта , нивно учество со 7.12% т.е. 10.484.562,00 ден,
- Приходи од шинтерска служба , а нивно незначително учество е со 0,01% т.е. 7.630,00 ден ,
- И останати приходи по разни основи (приход од кирии и судски трошоци) и каде учеството е 0.29% т.е. 430.859,60 ден од вкупниот приход.

Споредбено 2025 год со 2024 год овие приходи според основната дејност , се движат :

Р.бр.	Опис на приход	2025 година	Индекс %-2025	2024 година	Индекс %-2024	Разлика
1	Подигање на смет	89.930.916,60	61,05%	90.431.725,50	68,38%	-500.808,90
2	ЈПП	46.446.356,96	31,53%	30.964.316,27	23,41%	+15.482.040,69
3	Гробишта	10.484.562,00	7,12%	9.708.576,00	7,34%	+775.986,00
4	Шинтерска служба	7.630,00	0,01%	8.393,00	0,01%	-763,00
5	Останати приходи	430.859,60	0,29%	1.139.599,50	0,86%	-708.739,90
	В к у п н о :	**147.300.325,16**	**100%**	**132.252.610,27**	**100%**	**15.047.714,89**

Овие приходи се усогласени со оперативните планови и програми кои заедно со Извештајот за спроведување на програмата за управување со отпад се во согласност со реализираните приходи.

Вкупни ТРОШОЦИ за период од 1 до 6 месец 2025 година

Најголем процент на зголемување на трошокот споредбено од претходната година е од вкалкулираните плати заедно со вработените преку агенција кое опфаќа **80,48 %** од вкупниот трошок , надоместоците и додатоците од плата зголемени за околу **3,74 %** од вкупниот трошок како резултат на зголемената вредност на бодот како и трошоците по основ на зголемување на цената на електричната енергија и нафтата и резервните делови како и трошоци за одржување и заштита за **7,67 %** и дел за пресметување на амортизација на основните средства од **3,21 %** или **вкупно во проценти за основен (фиксен) трошок од 95,10% за неопходно функционирање на ЈП** без можност за варијабилни трошоци (во конкретниот период тие би биле во границите од (4,90%), без кои ниту еден деловен субјект не би можел нормално и без дополнителни непредвидени ситуации да работи а ЈП нема такви средства на располагање .

3.График : Движење на вкупните трошоци



.

Ред. Бр.	Конто	ТРОШОК ПО ВИД ОД 1 до 6 месец – 2025	Состојба за претходен период 2025 г (ДЕН)	Состојба за период 2024 г (ДЕН)	% учество
1	**400**	ВКУПНО ЗА Потрош.на сур. и материјали	**2.206.236,20**	**2.570.050,22**	1,61%
2	**401**	ВКУПНО ЗА Трошоци за материјали	**272.388,90**	**302.223,40**	0,20%
3	**402**	ВКУПНО ЗА Потрошена енергија	**7.377.486,90**	**7.134.437,40**	5,39%
4	**404**	ВКУПНО ЗА Потрошени резервни делови	**1.905.365,98**	**1.964.670,30**	1,39%
5	**407**	ВКУПНО ЗА Отпис на ситниот инвентар	**350.252,70**	**305.019,90**	0,26%
6	**410**	ВКУПНО ЗА Транспортни услуги	**54.000,00**	**34.000,00**	0,04%
7	**411**	ВКУПНО ЗА Поштенски услуги	**456.839,50**	**485.451,50**	0,33%
8	**413**	ВКУПНО ЗА Услуга за одржување и заштита	**1.222.645,00**	**1.161.579,97**	0,89%

9	**414**	ВКУПНО ЗА Закупнини	**138.442,00**	**104.869,00**	0,10%
10	**415**	ВКУПНО ЗА Комунални услуги	**493.683,00**	**339.209,00**	0,36%
11	**417**	ВКУПНО ЗА Трошоци за реклами	**0,00**	**0.00**	0,00%
12	**419**	ВКУПНО ЗА Останати услуги-ПАВ	**8.525.428,00**	**13.727.266.50**	6,23%
13	**420**	ВКУПНО ЗА Вкалкулирани плати	**101.667.035,00**	**90.396.514.00**	74,25%
14	**430**	ВКУПНО ЗА Амортизација	**4.400.000,00**	**4.000.000.00**	3,21%
15	**440**	ВКУПНО ЗА Дневници за сл.патув.и пат.тро	**80.976,00**	**85.180.00**	0,06%
16	**441**	ВКУПНО ЗА Надом.на трош.на вработ,пензија,смрт,семинари	**2.402.286,00**	**1.937.610,00**	1,75%
17	**442**	ВКУПНО ЗА Трошоци за дневници	**152.908,00**	**28.448.00**	0,11%
18	**444**	ВКУПНО ЗА Трошоци за реклама ,репрезен.	**115.141,10**	**92.366,30**	0,08%
19	**445**	ВКУПНО ЗА Трошоци за премии за осиг.	**82.828,00**	**62.257,00**	0,06%
20	**446**	ВКУПНО ЗА Трошоци од банкарски услуги	**1.203.276,00**	**1.474.880,00**	0,88%
21	**447**	ВКУПНО ЗА Даноци кои не зависат од раб.	**82.232,00**	**77.760.00**	0,06%
22	**449**	ВКУПНО ЗА Ост. Трош.- К15,НН,ЈН	**2.719.388,00**	**3.408.945,50**	1,99%
23	**451**	ВКУПНО ЗА Вредносно усогл.на опрема	**0.00**	**0,00**	0,00%
24	**455**	ВКУПНО ЗА Вредносно усогл.на побарувања	**0,00**	**0.00**	0,00%
25	**468**	ВКУПНО ЗА Казни , пенали надомест на штети	**128.562,00**	**0,00**	0,09%
26	**473**	ВКУПНО ЗА Камати	**44.306.50**	**1.642,50**	0,03%
27	**474**	ВКУПНО ЗА Камати за нен.плат.јав.давацки	**846.473.00**	**155.216,00**	0,62%
		ВКУПНИ ТРОШОЦИ	**136.928.179,78**	**129.849.595,99**	**100%**

Трошоците од основната дејност можат да се разграничат на :

- Трошоци за подигање на смет учествуваат со 39,21% т.е. 53.695.565,70 ден од вкупните трошоци ,
- Трошоци за одржување на ЈПП кои учествуваат со 22,70% т.е. 31.076.785,60 ден од вкупните трошоци ,
- Трошоци за гробишта , нивно учество со 11,80% т.е. 16.152.525,68,00 ден,
- Трошоци за шинтерска служба , а нивно незначително учество е со 1,01% т.е. 1.379.212,00 ден ,
- И останати трошоци по разни основи (надоместоци од плати за вработени со најголемо учество во оваа група на трошоци) каде учеството е 25,28% т.е. 34.624.090,80 ден од вкупниот трошок.

Споредбено 2025 год со 2024 год овие трошоци според основната дејност , се движат :

Р.бр.	Опис на трошок	2025 година	Индекс %-2025	2024 година	Индекс %-2024	Разлика
1	Подигање на смет	53.695.565,70	39,21%	55.092.045,80	42,43%	-1.396.480,10
2	ЈПП	31.076.785,60	22,70%	27.909.561,62	21,49%	+3.167.223,98
3	Гробишта	16.152.525,68	11,80%	14.973.728,17	11,53%	+1.178.798.51
4	Шинтерска служба	1.379.212,00	1,01%	1.398.787,50	1,08%	-19.575,50
5	Останати трошоци	34.624.090,80	25,28%	30.475.472,90	23,47%	+4.148.617,90
	В к у п н о :	**136.928.179,78**	**100%**	**129.849.595,99**	**100%**	**7.078.583,79**

Овие трошоци се усогласени според меѓународните сметководствени стандарди МСС за потребите на финансиското известување МСФИ согласно со сметководствените стандарди на РСМ.

Структура на вработени во ЈКП Комуналец на 30.06.

(споредбено 2018 год со 2025 год)

Месец	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ	ЈКП	ПАВ
	2018 година		2019 година		2020 година		2021 година		2022 година		2023 година		2024 година		2025 година	
Просечно поединечно за 6 месеци	317	36	316	76	303	54	377	14	369	23	333	43	312	50	324	30
Просечно вкупно за 6 месеци	353		392		357		391		392		376		362		354	

Дел 1 Инвестиции во основни средства

Инвестициите во постојаните средства споредбено за 2018 , 2019 , 2020 , 2021 , 2022 , 2023 ,2024 и 2025 година за овој период од 6 месеци се распоредени и тоа :

4.График : Движење на инвестициите во основни средства



Вкупната инвестиција во постојани средства за 2025 год е во вредност од **1.893.763.00 ден** и вложено е во :

- ✓ - Опрема за Гробишта - 1 мешалка за бетон ,
- ✓ - Опрема за ЈПП - 1 моторна пила ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – зимска опрема ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 5 бунари ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 5 грбни косилки ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 5 дувалки ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 1 туркачка косилка ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 2 мали трактори за косење ,
- ✓ - Опрема за ЈПП – 3 контејери од 5м3 ,
- ✓ - Компјутерска опрема – 5 принтери ,
- ✓ - Канцелариска опрема – 3 клими ,

Дел 2 Побарувања од купувачи

Табеларен преглед на побарувањата од купувачите би бил следен , зголемување на побарувањата од купувачите :

- *Табелерен преглед на вкупните побарувања од 30.06.2018 г до 30.06.2025 г*

Опис	2018 год	2019 год	2020 год	2021 год
Побарувања од купувачи	106.730.063,50	111.615.070,00	118.971.537,50	119.668.863,00
Опис	2022 год	2023 год	2024 год	**2025 год**
Побарувања од купувачи	129.684.622,10	152.001.968,00	148.125.807,00	**135.899.826,00**

Забелешка : Од вкупните побарувања само од Терминал – Комуналец отпаѓаат до 30.06.2025 год во вредност од **11.740.954,00 ден** , со тенденција да овие побарувања не се зголемуваат , кога во предвид се зема општата финансиска состојба на Терминал , по одлука на Управен Одбор се одобри времено користење на објектите без надоместок .

Дел 3 Обврски на ЈКП

3.1.Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите кога подетално ќе се разгледаат на полугодишните извештаи со пресек на 30.06. од тековната година , тогаш табеларниот преглед би бил следен од што ќе се види намалување на обврските за **2.118.869.00 д**ен како резултат само на спроведените неопходни набавки и во споредба од претходната година , следува :

- *Табелерен преглед на вкупните обврски спрема добавувачи од 30.06.2018 г до 30.06.2025 г*

Опис	30.06.2018 год	30.06.2019 год	30.06.2020 год	30.06.2021 год
220 - Конто	13.247.783,00	11.352.483,00	12.002.498,00	21.834.039,00
Опис	30.06.2022 год	30.06.2023 год	30.06.2024 год	**30.06.2025 год**
220 - Конто	18.509.054,00	22.554.787,00	32.139.085,00	**30.020.216,00**

Обврските спрема добавувачите настануваат по основ на должничко доверителски односи на фактури кои произлегуваат од склучени договори за јавни набавки . Такви договори врз основа на објавени огласи за јавните набавки се склучени **36** договори со економски оператори во 2025 година .

На 01.01.2025 година ЈКП започнува со почетна состојба од **29.135.971,00 ден** , настанати обврски врз извршени набавки за период од **01.01.2025 год до 30.06.2025 год се во вредност од 30.127.139,00 ден**. За овој период исплатени обврски спрема добавувачите се во вредност од 27.503.935,00 и затворени обврски со компезации во вредност од 1.738.959,00 ден или вкупно од **29.242.894,00 ден. исплатени обврски** .

3.2. Обврски спрема вработените и надомест на штета по судски спорови

Обврски спрема вработени за неисплатени надоместоци од плата се :

- НН за 2024 година останата 1 рата од **1.996.342,00 ден.**
- Регрес за годишен одмор за 2025 година нема донесено Одлука од У.О.
- Јубилејните награди стекнати во период до 30.06.2025 г.се исплатени

Забелешка :

- Вкупната обврска на правосилни предмети каде вработените се јавуваат како доверители , а за кои предмети ЈКП е должник и истите предмети не се исплатени до 30.06.2025 година , причина за таа состојба е што од страна на правниот сектор се нема доставено и дефинирано точен износ колкав е главниот долг зголемен за законска затезна камата на тие предмети .

- Надомест на штета од каснување на кучиња е се почеста појава која само дополнително го оптоварува работењето на ЈКП , а за овие предмети ЈКП е задолжено солидарно да ги исплаќа тие предмети со Општина Прилеп , до 30.06.2025 година правниот сектор нема доставено колкав е бројот на тие предмети и во колкав износ ЈКП е задолжено за надомест на таа штета .

3.3.Обврски спрема јавни давачки

- Долгорочни обврски по основ на одложено плаќање на репрограмираното ДДВ од 01.01. до 30.06 месец 2025 година исплатено е вкупно **300.000,00 ден** , или вкупен износ на тој долг е **20.913.634,50 денари .**

3.4.Обврски на ЈКП спрема Локална Самоуправа

- Обврските на ЈКП спрема Локална Самоуправа по основ на ЈПП изнесува :
  - ✓ До 31.12.2024 година = 32.798.808,00 ден
  - ✓ До 30.06.2025 година = 32.798.808,00 ден
- ***Забелешка :*** *обврска на ЈКП за 1,2 и 3 месец 2025 година по основ на ЈПП е целосно исполнета , остануваат 4,5 и 6 месец / 2025 год да се исплатат средствата од ЈПП .*

Заклучок:

Крајниот исход на ЈКП Комуналец , од сите овие податоци за полугодишното работење во деловната 2025 година , т.е. за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година , **финансискиот резултат е добивка од 10.372.145,38 ден .**

Изготвил

Помошен директор за екон. и прав.раб.
Овластен сметководител Лиценца бр. 0107995
м-р Николова Снежана

Одобрил

ЈКП Комуналец Прилеп
Директор
Рубинчо Абрашоски

Раководител на сектор за финансиско работење

м-р Трумпеска Снежана